**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-131/3**

**Скопје, 28.01.2008 година**

**ДО**

**ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Тетово, депозитна сметка, за 2006 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основен суд Тетово (во понатамошниот текст Судот) за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Џемајли Арифи, претседател на Основен суд Тетово од 15.02.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 01.11 до 07.11.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.



*Овластен државен ревизор*

________________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај и на интерниот контролен систем, ревизијата го утврди следното:

**10.1. *Систем на интерни контроли***

- Врз основа на извршеното снимање на системот на интерни контроли при депозитното работење, ревизијата утврди дека не постои разграничување на должностите при уплата и исплата од депозитната сметка и ризиците не се покриени со контроли кои би утврдиле точна и целосна аналитичка евиденцијата за уплатата од секое лице, што е спротивно на одредбите од Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Судскиот деловник (СД бр.144). Истото влијае на наменската исплата на средствата.

**Препорака:** Да се изврши разграничување на должностите при уплата и исплата од депозитната сметка, а сметководството да воспостави аналитичка евиденција на обврските за примени депозити по лице, согласно предвидениот начин на книжење на депозитите утврден со Судскиот деловник ("Сл. весник бр.71 од 07 јуни 2007 година).

**10.2. *Неправилна примена на акти:***

10.2.1. Судот по истекот на рокот на застареност на издавањето на депозитите нема поведена постапка за застарени депозити, спротивно на членот 315 од Судскиот деловник ("Сл.весник бр.9/1997), поради не примена на истиот и има влијание на пренос на депозити од претходни години за кои не е утврдено правото на издавање и со Решение да се утврди дека правото на депозитот е застарено и дека предметот на депозитот станал имот на Република Македонија, што има влијание на законско работење на субјектот.

**Препорака:** Судот да ја применува постапката за застарени депозити, согласно член 331 од Судскиот деловник ("Сл.весник бр.71 од 07 јуни 2007 година).

10.2.2. Судот нема донесено акт каде е определено место-благајна за чување на готови пари и вредносни предмети, како привремени депозити и не води работни книги за евиденција - Благајнички извештај за примање и издавање на вонбуџетски пари (депозити) во готово, а во текот на 2006 година извршен е прием и исплата по тој основ, што е спротивно на членовите 283 и 318 од Судскиот деловник. Истото влијае судот да нема увид во состојбата и движењето на секој депозит по одделни предмети.

Наведените неправилности укажуваат на нереално искажување на паричните средства кои се депонирани во Судот и создаваат можност за нереално користење на готови пари и вредносни предмети од привремениот депозит како и можни злоупотреби.

**Препорака:** Судот да постапува согласно пропишаниот начин на работа и евиденција со судските депозити, предвидени во глава дваесет и прва од Судскиот деловник (“Сл.весник бр.71 од 07 јуни 2007 година).

**10.3. *Неправилности во искажувањето на приходите/расходите***

**11.3.1.**Позицијата Други неданочни приходи е нереално и необјективно прикажана во годишната сметка за износ од 232 илјади денари, а претставува салдо на жиро сметка, што е спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради погрешно прикажување на податоците. Истото има влијание на преценување на Билансот на приходи и расходи во годишната сметка и неусогласеност со бруто билансот.

**Препорака:** При иготвување на годишната сметка податоците од бруто билансот целоно и точно да се пренесуваат во обрасците од годишната сметка.

**10.4. *Ненаменско и незаконско користење на средства:***

*Направени расходи без претходно депонирани средства и спротивно на законските прописи*

10.4.1.Од средствата на депозитната сметка извршена е ненаменска исплата во износ од 707 илјади денари, за трошоци кои се однесуваат на редовното работење на Судот, спротивно на одредбите од Судскиот деловник и Законот за судови, поради недоволно одобрени средства за редовно работење на Судот со буџетот за 2006 година. Истото има влијание на погрешно прикажување на вкупните трошоци во Билансот на приходи и расходи на сметките од редовно работење на Судот и надминување на буџетот за 2006 година, како и трошење на средства кои не се сопственост на Судот како и злоупотреба на службената должност.

**Препорака:** Работењето со депозитните средства да се врши согласно Судскиот деловник (“Сл. весник бр.71 од 07 јуни 2007 година).

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.1 до 10.4 финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Тетово на 31 декември 2006 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.2 до 10.4 кај Основен суд Тетово не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат вонбуџетски средства-судски депозит за 2006 година.

**Скопје, 04.01.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**Основен суд Тетово**
**Депозитна сметка**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 82,709 | 4,321 |
| **Вкупно приходи** | **82,709** | **4,321** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 68,348 | 198 |
| Стоки и услуги | 0 | 5,659 |
| Субвенции и трансфери | 14,361 | 67 |
| **Вкупно тековни расходи** | **82,709** | **5,924** |
| **Вкупно расходи** | **82,709** | **5,924** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **(1,603)** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **0** | **(1,603)** |
| **Непокриени расходи** | **0** | **1,603** |

**Основен суд Тетово**
**Депозитна сметка**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 4,683 | 4,915 |
| **Вкупно тековни средства** | **4,683** | **4,915** |
| **Вкупна актива** | **4,683** | **4,915** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4,683 | 4,915 |
| **Вкупно тековни обврски** | **4,683** | **4,915** |
| **Вкупна пасива** | **4,683** | **4,915** |